# ЗАКОН

## за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 15.000.000 евра, наменет за реализација на Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување, кој ќе се склучи меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од пет години. Каматната стапка по која ќе се сервисира заемот е ЛИБОР (за евро валута) плус варијабилен распон. Каматната стапка може да биде и помала во зависност од важечките одлуки на Меѓународната банка за обнова и развој.

Заемот ќе се отплаќа во 24 полугодишни рати, секоја во износ од 625.000 евра. Отплатата ќе се врши секој 15 февруари и 15 август во годината, почнувајќи од 15 февруари 2013 година, а завршувајќи на 15 август 2024 година.

Во грејс периодот од пет години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само камата на заемот.

На денот на повлекување на средствата, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој еднократна провизија во износ од 1% од износот на заемот, која може да биде и помала во зависност од важечките одлуки на Меѓународната банка за обнова и развој.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој во висина од 0,75% годишно, која може да биде и помала во зависност од важечките одлуки на Меѓународната банка за обнова и развој.

Провизијата на неповлечени средства од ставот 5 од овој член се плаќа полугодишно на 15 февруари и 15 август секоја година.

**Член 4**

За реализацијата на Договорот за заем за Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување од членот 2 од овој закон е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е корисник на средствата од заемот од членот 1 на овој закон.

**Член 5**

Заемот од членот 1 од овој закон ќе го сервисира Република Македонија со средства од Буџетот на Република Македонија.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".